# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

31 јануари 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 2




e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ**
**НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот на Верификационата комисија, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/1**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот на Верификационата комисија, бр.09-313/2 од 23.01.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ**
**НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА**

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на Верификационата комисија, бр.09-313/2 од 23.01.2023 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-400/3**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/2**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 13 и член 14 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/13 и 4/22), член 6 и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Гази Баба:

**- МАРИЈА ЃОШЕВСКА.**

**Член 2**

Одлуката да се достави до Општинска изборна комисија Гази Баба и секторот за финансиски прашања.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-400/4**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА<br>БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА<br>ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/3**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 88 став (2) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22) а во врска со Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година, бр.41-11837/3 од 27 декември 2022 година (Службен весник на РСМ" бр.287/22), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА**
**БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА**
**ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на државните службеници во општинската администрација на Општина Гази Баба за 2023 година, изнесува 81,6 денари.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба" а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2023 година.

**Број 09-400/5**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, КОИ ИМААТ СТАТУС НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ И АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/4**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 11 став (1) точка 6 а во врска со член 37-ц од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 88 став (3) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги помошно - технички персонал и административни службеници за 2023 година, бр.02-17/3 од 13.01.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, КОИ ИМААТ СТАТУС НА ДАВАТЕЛИ НА УСЛУГИ, ПОМОШНО - ТЕХНИЧКИ ПЕРСОНАЛ И АДМИНИСТРАТИВНИ СЛУЖБЕНИЦИ ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги помошно-технички персонал и административни службеници за 2023 година, бр.02-17/3 од 13.01.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба" а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2023 година.

**Број 09-400/6**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2022 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2022 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/5**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 5 став (3) од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 89/22 и 274/22), член 36 став (1) точка 9 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), расправајќи по Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2022 година, бр.02-21/3 од 18.01.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ТРИМЕСЕЧНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА И РЕЗУЛТАТИТЕ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈКП "ГАЗИ БАБА - 2007" - СКОПЈЕ, ЗА ЧЕТВРТОТО ТРИМЕСЕЧЈЕ ОД 2022 ГОДИНА

**Член 1**

Советот на Општина Гази Баба дава согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2022 година, бр.02-21/3 од 18.01.2023 година, донесена од управниот одбор на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/7**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И ДИРЕКТОРИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/6**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 166-з од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и "Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22, 236/22 и 236/22), член 88 став (3) од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 2/17, 16/17, 11/18 и "Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

# О Д Л У К А

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВРЕДНОСТ НА БОДОТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПЛАТИТЕ НА ЈАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ КОИ ВРШАТ АДМИНИСТРАТИВНИ РАБОТИ, ДАВАТЕЛИТЕ НА ЈАВНИ УСЛУГИ, ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИОТ ПЕРСОНАЛ И ДИРЕКТОРИТЕ ВО ЈАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА ДЕЦА - ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА 2023 ГОДИНА

### Член 1

Вредноста на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба за 2023 година, изнесува 81,6 денари.

### Член 2

Одлуката да се достави до ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје и ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба" а ќе започне да се применува со исплата на платата за јануари 2023 година.

**Број 09-400/8**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на благајнички максимум за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-563/7**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 20 став (2) од Законот за платниот промет ("Службен весник на РМ" бр.113/07, 22/08, 159/08, 133/09, 145/10, 35/11, 11/12, 59/12, 166/12, 170/13, 153/15, 199/15, 193/17, 7/19 и "Службен весник на РСМ" бр.31/20 и 39/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА БЛАГАЈНИЧКИ МАКСИМУМ ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува благајничкиот максимум за 2023 година, во износ од 120.000,00 денари.

**Член 2**

Готовите пари во благајната, примени по сите основи се уплатуваат на сметката кај носителот на платен промет истиот ден а најдоцна наредниот ден од денот на наплатата.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/9**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/8**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 23 став (8) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), Колективниот договор за административните службеници и другите вработени во Општина Гази Баба бр.08-113/1 од 09.01.2023 година и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22), во воведниот дел пред сврзникот "и" се додава запирка и зборовите "Колективниот договор за административните службеници и другите вработени во Општина Гази Баба бр.08-113/1 од 09.01.2023 година".

**Член 2**

Во член 9, ставовите 4 и 6 се менуваат и гласат:

"На вработените во општината им следува исплата на регрес за годишен одмор, во висина од најмалку 60% од просечната плата со дополнително исплатен персонален данок на доход.

На вработените во општината им следува исплата на новогодишен надоместок (тринаесетта плата) во висина утврдена помеѓу работодавачот и претставникот на синдикалната организација кај работодавачот и изнесува најмалку 20% од просечната плата, доколку работодавачот има услови за тоа."

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/10**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА**

1. Се објавува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/9**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 27 став (4) и став (5) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 22/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

## Б У Џ Е Т С К И К А Л Е Н Д А Р

## ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2024 ГОДИНА

### Член 1

Советот на Општина Гази Баба донесе Буџетски календар за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.

### Член 2

Со Буџетскиот календар на Општина Гази Баба се пропишува постапката и се утврдуваат роковите за планирање на активностите на општината за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година и се утврдуваат роковите во кои градоначалникот до општинските буџетски корисници ги доставува главните насоки за изготвување на финансиските планови кои општинските буџетски корисници ги доставуваат до градоначалникот.

Со Буџетскиот календар се утврдуваат постапките и роковите во кои секторите треба да ги изготват поединечните Предлог-Планови на Програми за развој на општината за период 2024-2026 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината за 2024 година и Трошковниците за одделни расходи во 2024 година, како и процедурите и роковите во кои градоначалникот го доставува Предлог - Буџетот до советот на општината.

| МОЖЕН РОК | БУЏЕТСКИ АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| 01.01-31.01.2023 година | 1.Совет на Општина Гази Баба го донесува Буџетскиот календар за изготвување на Буџетот за 2024 година. |
| 01.06-30.06.2023 година | 1.Известување од секторот за финансиски прашања до раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и до одговорните лица за одредени активности за изготвување на Предлог-План на Програми за развој на општината за период 2024-2026 година, за изготвување Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2024 година и за изготвување на Трошковници за реализирање на активностите за 2024 година. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања доставува известување до општинските буџетски корисници со главните насоки за изготвување на финансиски планови за 2024 година. |

| | |
|---|---|
| 01.07-31.08.2023 година | 1.Изготвените Предлог-План на Програмите за развој на општината за период 2024-2026 година и Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2024 година со проценка на трошоците за буџетската 2024 година и Трошковниците за реализирање на активностите за 2024 година, раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и одговорните лица за одредени активности ги доставуваат до секторот за финансиски прашања. |
| | 2.Општинските буџетски корисници ги доставуваат финансиски планови за 2024 година до секторот за финансиски прашања. |
| 01.09-30.09.2023 година | 1.Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2024-2026 година, Предлог-Програмите за извршување на одделни активности во општината и финансиски планови на општинските буџетски корисници за 2024 година и Трошковниците за реализирање на активностите за 2024 година се анализираат, се усогласуваат од страна на секторот за финансиски прашања и се поднесуваат до градоначалникот. |
| | 2.Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага Трошковен план за 2024 година. |
| | 3.Секторот за финансиски прашања изготвува и предлага План за приходи за 2024 година. |
| 01.10-31.10.2023 година | Градоначалникот предложените Предлог-План на Програми за развој на општината за периодот 2024-2026 година, Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2024 година и Предлог-Буџетот за 2024 година ги разгледува, ги анализира и ги усогласува со раководителите на секторите, раководителите на одделенијата и со одговорните лица за одредени активности, ги одобрува и ги доставува до советот на општината. |
| 01.11-15.11.2023 година | 1. Седница на советот на општината на која се усвојуват Предлог-Планот на Програми за развој на општината за периодот 2024-2026 година. |
| | 2. Седница на советот на општината на која се усвојуват Предлог-Програми за извршување на одделни активности во општината за 2024 година и Предлог-Буџетот за 2024 година и се дава достапност на јавноста со објавување на нивната содржина. |
| 16.11-30.11.2023 година | 1.Се одржуваат јавни расправи. |
| | 2. Се изготвува конечен Предлог-Буџет за 2024 година од страна на секторот за финансиски прашања и се доставува до градоначалникот. |
| 01.12-10.12.2023 година | Градоначалникот го разгледува и го одобрува конечниот Предлог-Буџет за 2024 година и го доставува до советот на општината. |
| 11.12-25.12.2023 година | Седница на советот на општината за донесување на Буџетот за 2024 година. |
| 01.01.2024 година | Започнува новата буџетска година. |

**Член 3**

Овој Буџетски календар влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/11**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА КАКО ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ ПОГОДЕНИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА И ФИНАНСИСКАТА КРИЗА, ЗА 2023 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, за 2023 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-563/10**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), точка 9 потточка 9 од Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА КАКО ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ ПОГОДЕНИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА И ФИНАНСИСКАТА КРИЗА, ЗА 2023 ГОДИНА**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза за 2023 година, врз основа на објавен Јавен повик за доделување на парична помош за социјално загрозени лица погодени од енергетската и финансиска криза.

**Член 2**

Предвидените средства ќе се доделуваат на лицата кои доставиле барања, односно се пријавиле на објавениот Јавен повик на Општина Гази Баба, и тоа: за субвенционирање на дел од потрошената електрична енергија за социјално ранливи категории на граѓани и надомест за пензионери со ниски примања.

**Член 3**

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година, Потпрограма В1 - детски градинки, потставка 47160 - еднократна парична помош во натура.

**Член 4**

Средствата од член 3 на оваа одлука ќе се исплатат на трансакциска сметка, доставена како прилог, на име на барателот.

**Член 5**

Исплатата на барањата од член 2 на оваа одлука, ќе се врши согласно расположливите средства во соодветната програма.

**Член 6**

Критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза се утврдуваат со правилник кој на предлог на Градоначалникот го донесува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Се задолжува секторот за финансиски прашања да ја изврши оваа одлука.

**Член 8**

Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.11/22).

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-400/12**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ ПОГОДЕНИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА И ФИНАНСИСКАТА КРИЗА**

1. Се објавува Правилникот за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/11**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 11 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РСМ" бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21 и 99/22), член 2 од Одлуката за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/23) а во врска со Програмата за јавни дејности на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИТЕ, УСЛОВИТЕ И ПОСТАПКАТА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ ПОГОДЕНИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА И ФИНАНСИСКАТА КРИЗА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се утврдуваат критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза и висината на паричната помош која ја доделува Општина Гази Баба.

**Член 2**

Право на користење парична помош во согласност со одредбите на овој правилник може да оствари само жител на Општина Гази Баба за месеците јануари и февруари 2023 година.

**Член 3**

Паричната помош се доделува во вид на:

(1) Субвенција на дел од месечните трошоци за електрична енергија за корисници на парична помош од социјална заштита (гарантирана минимална помош); и

(2) Месечна помош за корисници на ниска пензија до најмногу 15.000,00 денари.

**Член 4**

(1) Паричната помош се доделува врз основа на Јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

(3) Јавниот повик трае до 20.03.2023 година од денот на објавувањето.

## II. КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНА ПОМОШ ЗА СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ ГРАЃАНИ ПОГОДЕНИ ОД ЕНЕРГЕТСКАТА И ФИНАСИСКАТА КРИЗА

### Член 5

(1) Паричната помош се доделува на корисници на гарантирана минимална помош и на ниска пензија.

(2) Висината на паричната помош од ставот (1) на овој член изнесува:

(2.1) 1.100,00 денари месечно со вклучен персонален данок за субвенција на дел од месечните трошоци за електрична енергија за корисници на гарантирана минимална помош;

(2.2) 1.100,00 денари месечно со вклучен персонален данок за помош за корисници на ниска пензија до најмногу 15.000,00 денари.

(3) Паричната помош од точката (2.1) на овој член се трансферира до снабдувачот на електрична енергија ЕВН Македонија АД Скопје.

(4) Паричната помош од точката (2.2) на овој член се исплаќа на трансакциската сметка на барателот.

### Член 6

За остварување на правото на парична помош за субвенција за електрична енергија за корисници на гарантирана минимална помош се поднесува следната документација:

(1) Образец - барање;

(2) Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа со живеалиште во Општина Гази Баба;

(3) Фотокопија од имотен лист за објектот за кој се бара субвенција за електрична енергија;

(4) Фотокопија од последна платена сметка за електрична енергија од месеците јануари или февруари 2023 година, при што броилото за електрична енергија треба да соодветствува со адресата на барателот која се утврдува од последната платена сметка за електрична енергија;

(5) Потврда од Центар за социјална работа дека е примател на гарантирана минимална помош во 2023 година; и

(6) Потпишана изјава за согласност за користење на личните податоци.

### Член 7

За остварување на правото на месечна помош за корисници на ниска пензија до најмногу 15.000,00 денари се поднесува следната документација:

(1) Образец - барање;

(2) Фотокопија од важечка лична карта или патна исправа со живеалиште во Општина Гази Баба;

(3) Фотокопија од трансакциска сметка на барателот;

(4) Извод - потврда од деловна банка (чек) од последна исплатена пензија за месец јануари 2023 година; и

(5) Потпишана изјава за согласност за користење на личните податоци.

## III. КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ПАРИЧНА ПОМОШ

### Член 8

(1) За доделувањето на паричната помош во согласност со овој правилник одлучува Градоначалникот на Општина Гази Баба по предлог на Комисија за доделување на парична помош (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Гази Баба со решение од редот на вработените во општинската администрација.

(3) Комисијата е составена од претседател и четири члена од редот на вработените во општинската администрација.

(4) Комисијата работи на седници кои ги свикува и со нив претседава претседателот на Комисијата.

(5) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(6) За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата. Во записникот за секое барање Комисијата констатира дали е комплетно, навремено и ги исполнува условите во јавниот повик.

### Член 9

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

(1) го објавува јавниот повик за прибирање барања за доделување парична помош на социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза;

(2) ги отвара и разгледува пристигнатите барања без присуство на барателите;

(3) го проверува рокот во кој се поднесени барањата, основаноста на поднесените барања и документацијата во прилог;

(4) донесува Предлог-Одлука за парична помош на социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза во согласност со овој правилник, која ја доставува до градоначалникот на Општина Гази Баба, и

(5) врши други работи и задачи по прашањата за кои е формирана.

### Член 10

(1) Комисијата пристигнатите барања ги разгледува во рок од 5 (пет) дена.

(2) Некомплетните и ненавремено доставените барања, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите.

(3) Комисијата има право да ги провери податоците во барањето, да изврши увид во соодветноста на поднесената документација а по потреба да се консултира со стручни лица.

(4) Комисијата во рок од 3 (три) дена по завршувањето на постапката за избор на корисници на парична помош во согласност со овој правилник, Предлог-Одлуката ја објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

### Член 11

(1) Против Предлог-Одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмена жалба до Градоначалникот на Општина Гази Баба преку Комисијата во архивата на Општина Гази Баба во рок од 5 (пет) дена од објавата на Одлуката на веб-страницата на Општина Гази Баба.

(2) По жалба решава Градоначалникот на Општина Гази Баба, по предлог на Комисија за жалби која ја формира Градоначалникот на Општина Гази Баба со решение, во состав од претседател и пет члена. Одлуката на Градоначалникот е конечна.

**Член 12**

По конечноста на сите жалбени постапки, Одлуката за доделување парична помош на социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, ја потпишува Градоначалникот на Општина Гази Баба и се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**Член 13**

Во рок од 5 (пет) дена по објавата на Одлуката за доделување парична помош на социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, Градоначалникот на Општина Гази Баба издава решенија на сите баратели на кои им е доделена парична помош.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/13**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗБОР НА НАЈУБАВО НОВОГОДИШНО УКРАСЕН БАЛКОН, ДЕТСКА ГРАДИНКА, ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, ДВОР И СТАНБЕНА ИЛИ ДЕЛОВНА ЗГРАДА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/12**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 4/2006 и 12/2013), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ИЗБОР НА НАЈУБАВО НОВОГОДИШНО УКРАСЕН БАЛКОН, ДЕТСКА ГРАДИНКА, ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, ДВОР И СТАНБЕНА ИЛИ ДЕЛОВНА ЗГРАДА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите, условите и постапката за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба.

### Член 2

Во смисла на овој правилник термините го имаат следното значење:

(1) "балкон" - подразбира и тераса и лоѓија на индивидуална и колективна станбена единица,

(2) "двор" - подразбира дворно земјиште на индивидуална и колективна станбена единица,

(3) "станбена и деловна зграда" подразбира колективна станбена зграда или деловна зграда во сопственост на едно или повеќе физички лица или едно или повеќе правни лица, и

(4) "станбена единица" подразбира куќа, стан во зграда, и деловни простории во деловна зграда.

### Член 3

(1) За најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба се доделува парична награда определена во соодветната Програма за работа на Општина Гази Баба.

(2) Персоналниот данок е на товар на Општина Гази Баба.

## II. КРИТЕРИУМИ, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР НА НАЈУБАВО НОВОГОДИШНО УКРАСЕН БАЛКОН, ДЕТСКА ГРАДИНКА, ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, ДВОР И СТАНБЕНА ИЛИ ДЕЛОВНА ЗГРАДА

### Член 4

(1) Паричната награда од членот 3 на овој правилник се доделува на физички и правни лица, во согласност со овој правилник.

(2) Паричната награда се доделува на:

(2.1) сопственикот на станбената единица чиј балкон е награден, односно балкони се наградени,

(2.2) една детска градинка,

(2.3) едно основно училиште,

(2.4) сопственикот на еден двор, и

(2.5) сопственикот на една станбена или деловна зграда.

**Член 5**

(1) Паричната награда од членот 3 на овој правилник се доделува на еднакви делови на избраните:

(1.1) сопственикот на станбената единица чиј балкон е награден, односно балкони се наградени,

(1.2) детската градинка,

(1.3) основното училиште,

(1.4) сопственикот на еден двор, и

(1.5) сопственикот на една станбена или деловна зграда, односно куќниот совет кој управува со станбената или деловната зграда со повеќе сопственици.

(2) Паричната награда од ставот (1) на овој член се трансферира на трансакциската сметка на наградениот физичко лице, односно на банкарската сметка на наградениот правно лице.

**Член 6**

(1) За критериуми за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба се сметаат:

(1.1) светлечки украси,

(1.2) новогодишна елка,

(1.3) цветни и зелени аранжмани,

(1.4) играчки, и

(1.4) други новогодишни реквизити (лампиони, балони и слично).

(2) Избрани за најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба ќе бидат тие што се најбогато украсени.

**Член 7**

(1) За изборот на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба се објавува Јавен повик за прибирање предлози.

(2) Секој може да поднесе предлог за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба (во натамошниот текст: предлагач).

**Член 8**

(1) Јавниот повик за прибирање предлози за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба се објавува на веб страницата на Општина Гази Баба третиот понеделник од месец декември и трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето на Јавниот повик.

(2) Предлозите се поднесуваат во архивата на Општина Гази Баба од 8 до 16 часот во затворен плик на кој пишува: "За Јавниот повик за новогодишно украсување" . Предлозите може да се поднесат и на е-маил адреса и да се пријават на мобилен објавени во Јавниот повик.

(3) Предлозите содржат:

(1) име и презиме, адреса (улица, број и населба односно населено место), мобилен и е-маил на предлагачот; и

(2) име и презиме, адреса (улица, број и населба односно населено место), мобилен и е-маил на предложениот.

## III. КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР НА НАЈУБАВО НОВОГОДИШНО УКРАСЕН БАЛКОН, ДЕТСКА ГРАДИНКА, ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ, ДВОР И СТАНБЕНА ИЛИ ДЕЛОВНА ЗГРАДА

**Член 9**

(1) Изборот на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба во согласност со овој правилник го врши Комисија за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата со решение ја формира Градоначалникот на Општина Гази Баба, од редот на општинската администрација.

(3) Комисијата е составена од претседател и два члена.

(4) Комисијата решава на седници која ја свикува и со нив претседава претседателот на Комисијата.

(5) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

(6) За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води записник на кој се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

**Член 10**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

(1) го објавува јавниот повик за прибирање предлози за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба;

(2) ги отвара и разгледува пристигнатите предлози без присуство на предлагачите;

(3) го проверува рокот во кој се поднесени предлозите;

(4) утврдува предлог-решение за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба во согласност со овој правилник, кое се доставува до градоначалникот на Општина Гази Баба, и

(5) врши други работи и задачи утврдени во овој правилник.

**Член 11**

(1) Комисијата пристигнатите предлози ги разгледува во рок од 3 (пет) дена по завршувањето на Јавниот повик.

(2) Ненавремено доставените предлози, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува предлагачите.

(3) Комисијата има обврска да ги разгледа сите предлози и да изврши увид на предлозите на лице место според адресата на предложениот. Датумот и часот на увидот се објавува во Јавниот повик.

**Член 12**

(1) Решението за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба го потпишува Градоначалникот на Општина Гази Баба и веднаш се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

(2) Решението од ставот (1) на овој член се доставува до избраните.

**Член 13**

Општина Гази Баба на својата веб страница објавува фотографии од најубаво новогодишно украсениот балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба.

**Член 14**

Градоначалникот издава платен налог за извршување на Решението од членот 12 на овој правилник.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 15**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/14**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ И ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ, КАКО И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА СТВАРИ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ**

1. Се објавува Правилникот за продажба и давање под закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари во општинска сопственост со електронско јавно наддавање, како и давање на користење на ствари во општинска сопственост, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-563/13**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" број 5/2002), член 1 став (3), член 2 став (4), член 3 став (2), членовите 21, 24, 29, 39, 48 и 49 и член 67 став (1) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на Република Македонија" броевите 78/2015, 106/2015, 153/2015, 190/2016, 21/2018, 101/2019, 275/2019 и 122/2021) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" број 4/2006 и 12/2013), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

# ЗА ПРОДАЖБА И ДАВАЊЕ ПОД ЗАКУП НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ И ПРОДАЖБА НА ДВИЖНИ СТВАРИ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ СО ЕЛЕКТРОНСКО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ, КАКО И ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА СТВАРИ ВО ОПШТИНСКА СОПСТВЕНОСТ

## I. Општи одредби

### Член 1

Со овој правилник се уредуваат начинот, условите и постапката за продажба и давање под закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари во општинска сопственост со електронско јавно наддавање, како и продажба на ствари за кои е издаден лист за предбележување на градба во корист на општината и давање на користење на ствари во општинска сопственост.

### Член 2

Ствари во општинска сопственост што ги користи Општина Гази Баба (во натамошниот текст: Општина) и правните лица основани од Општината по било која основа се:

(1) недвижни ствари - згради, посебни делови од згради и други објекти што како долгорочни средства се користат за извршување на работите и задачите на Општината, а кои се запишани со право на сопственост на Општината во Јавната книга за запишување на правата на недвижности, и

(2) движни ствари - опрема, опрема за сообраќај и за врски, специјален и универзален алат и опрема, опрема за уредување и одржување на канцелариски и други простории и за вршење на технички, деловни, финансиски и други услуги, проектна документација, софтверски програми, долгорочни нематеријални средства и останати неспомнати средства што како долгорочни средства се користат за извршување на работите и задачите на Општината и правните лица основани од Општината.

### Член 3

(1) Постапките од членот 1 на овој правилник ги спроведува Комисија за недвижни и движни ствари (во натамошниот текст: Комисија).

(2) Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Гази Баба (во натамошниот текст: Градоначалник), за период од четири години и е составена од претседател и најмалку двајца членови и нивни заменици, од редот на општинската администрација.

(3) По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од петнаесет работни дена по извршената уплата на цената на недвижните ствари (постигнататa месечна закупнина при јавно наддавање), Градоначалникот склучува договор за продажба на недвижните ствари.

(4) На договорот за продажба на недвижните ствари соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

(5) Продажбата и закупот на недвижни ствари и продажбата на движни ствари се врши врз основа на проценета вредност во согласност со Законот за процена.

(6) Средствата остварени од прадажбата, закупот или давањето на користење на стварите во сопственост на Општината, се приход на Буџетот на Општината.

## II. Начин, услови и постапка за продажба на недвижни ствари во сопственост на Општината со електронско јавно наддавање

### Член 4

Постапката за продажба на недвижни ствари во сопственост на Општината се спроведува во согласност со Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и овој правилник.

### Член 5

(1) За продажба на недвижни ствари во сопственост на Општината, одлука донесува Советот на Општината, врз основа на предлог за продажба на недвижната ствар и Извештај за утврдена почетна цена на недвижноста изразена во денари.

(2) Пред донесувањето на предлогот до Советот, потребно е да се обезбеди процена на недвижноста што ја определува овластен проценител во согласност со Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот донесена врз основа на Законот за процена. Проценетата вредност на недвижноста претставува почетна цена на недвижноста при продажба.

### Член 6

(1) Продажбата на недвижните ствари се врши со електронско јавно наддавање, преку информацискиот систем за јавно наддавање, со кој управува Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС).

(2) Постапката за електронско јавно наддавање ја спроведува Комисијата со претходно дадена објава на информацискиот систем за јавно наддавање и во два дневни весника кои се издаваат на македонски јазик и еден дневен весник кој се издава на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик во општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, на чие подрачје се наоѓаат недвижните ствари предмет на објавата, а излегуваат најмалку три месеци пред денот на објавувањето на објавата.

(3) Објавата за продажба на недвижните ствари задолжително ги содржи следните податоци:

(3.1) Недвижна ствар која е предмет на продажба (површина и број на катастарска парцела каде се наоѓа, катастарска општина и број на имотниот лист, број на зградата, број на влезот, број на посебениот дел од зградата),

(3.2) Урбанистичко планска документација за земјиштето на кое се наоѓа недвижната ствар која е предмет на продажба,

(3.3) Почетна цена за недвижната ствар која е предмет на продажба,

(3.4) Рок за поднесување и начинот на поднесување на пријавите за учество на јавното наддавање,

(3.5) Време на започнување на јавното наддавање,

(3.6) Услови за учество на јавното наддавање за странските физички и правни лица,

(3.7) Услови за учество на јавното наддавање за домашни физички и правни лица,

(3.8) Банкарска гаранција за сериозност на понудата во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар,

(3.9) Обврската на најповолниот понудувач да ги уплати средства во рок од 15 дена од денот на приемот на писменото известување за избор, во спротивно нема да се пристапи кон склучување на договор, а банкарската гаранција за сериозност на понудата ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметните недвижни ствари,

(3.10) Начинот и постапката за спроведување на наддавањето (начин на легитимирање на учесниците на јавното наддавање, потребен број на учесници во согласност со закон, дефинирање на почетокот на јавното наддавање, рок за уплата на најповолната понуда, обврски за исплата на данокот на промет, обврска за трошоците за солемнизација на договорот и правото на проговор), и

(3.11) Интернет страница на која се врши јавното наддавање.

(4) Во објавата за продажба можат да се пропишат посебни услови кои треба да ги исполнат учесници на јавното наддавање.

**Член 7**

(1) За недвижна ствар која е предмет на објавата на јавно наддавање, за учество можат да се пријават сите заинтересирани домашни и странски физички и правни лица кои можат да се стекнат со сопственост на недвижните ствари на територијата на Република Македонија во согласност со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.

(2) Комисијата е должна во објавата да утврди рок за поднесување на пријавата за учество на јавното наддавање.

(3) Рокот од ставот (2) на овај член не може да биде покус од 10 календарски дена ниту подолг од 30 календарски дена сметајќи од денот на објавувањето на објавата до денот на поднесување на пријавите.

(4) Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за електронско јавно наддавање, освен банкарската гаранција за сериозност на понудата која треба да се достави во писмена форма.

(5) Комисијата по приемот на пријавите утврдува дали се доставени во определениот рок и дали се комплетирани во согласност со условите, по што ги известува подносителите на пријавите по електронски пат. На подносителите на пријавите кои се комплетни, комисијата во рок од три дена од денот на доставувањето на понудите им доставува корисничко име и шифра за јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комлетна документација им доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

(6) Подносителите на пријави кои доставиле комплетни пријави за учество на јавното наддавање во согласност со објавата, на денот на спроведување на јавното наддавање се регистрираат на интернет страницата наведена во објавата со корисничко име и шифрата за учество на јавното наддавање, по што имаат право на учество на јавното наддавање.

(7) Јавното наддавање ќе се одржи доколку учесниците ги исполнуваaат условите дадени во објавата. Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.

(8) Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање му се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната сума постигната на јавното наддавање.

**Член 8**

(1) Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на недвижната ствар и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

(2) Во првите 5 минути од јавното наддавање, учесниците можат да ја прифатат односно зголемуваат цената на недвижна ствар. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните пет минути од определено време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе се заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда.

(3) Јавното наддавање продолжува неограничено се' додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

(4) Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на недвижната ствар се намалува за 2%, по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно зголемуваат цената на недвижната ствар без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште пет минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути повторно нема понуда, вредноста на недвижната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност.

(5) Намалувањето на вредноста на недвижната ствар во текот на наддавањето, доколку станува збор за објава по прв пат, може да биде најмногу до 30% од проценетата вредност без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање.

(6) Намалување на вредноста на недвижната страна во текот на наддавњето, доколку станува збор за објава по втор пат, може да биде најмногу до 30% доколку на јавното наддавање се пријавил само еден заинтересиран учесник, а доколку се пријавиле двајца или повеќе учесници, намалувањето на вредноста на недвижната ствар може да биде до најмногу 50% од проценетата вредност.

**Член 9**

(1) За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за продажба на недвижните ствари.

(2) Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите ученици на јавното наддавање.

(3) Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од приемот на писменото известување за избор е должен да ги уплати средствата од ставот (1) на овој член, а доколку не ги уплати средствата во овој рок нема да пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана и понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно наддавање за предметните недвижни ствари.

(4) По завршувањето на постапката за јавно наддавање, со најповолниот понудувач, во рок од 15 дена по извршената уплата на цената на недвижните ствари, Градоначалникот склучува договор за продажба на недвижните ствари. На договорот за продажба на недвижните ствари соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигациони односи.

**Член 10**

(1) Учесниците на јавното наддавање имаат право на приговор само по однос на постапката на јавното наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение во рок од пет дена од приемот на приговорот.

(2) Против решението од ставот (1) на овој член може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**Член 11**

(1) Договорот за продажба на недвижните ствари се склучува во писмена форма и особено содржи: страни на договорот, предмет на договорот, односно конкретни податоци за недвижните ствари и обврската на купувачот за плаќање на данокот на промет и нотарските трошоци.

(2) Договорот кој не ги содржи елементите од ставот (1) на овој член е ништовен.

(3) По склучувањето на договорот, купувачот во рок од 30 дена истиот го доставува кај нотар за солемнизација.

**Член 12**

За давањето на недвижни ствари во закуп со електронско јавно наддавање, соодветно се применуваат одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна соптвеност и со стварите во општинска сопственост, како и одредбите на овој правилник, со кои е уредена постапката за продажба на недвижните ствари со електронско јавно наддавање.

**Член 13**

За давањето под закуп на недвижните ствари сопственост на Општината, одлука донесува Советот на Општината, врз основа на предлог за давање под закуп на недвижната ствар и извештај за утврдена почетна цена на месечната закупнина изразена во денари.

**Член 14**

(1) Висината на почетната месечна закупнина изнесува 0,5% од проценетата вредност на недвижната ствар.

(2) Вредноста на недвижната ствар од ставот (1) на овој член ја определува овластен проценител во согласност со Законот за процена.

## III. Начин, услови и постапка за продажба на движни ствари во сопственост на Општината со електронско јавно наддавање

**Член 15**

За продажба на движните ствари во сопственост на Општината, Советот на Општината донесува одлука, врз основа на предлогот за продажба на движната ствар и извештајот за утврдена почетна цена на продажбата на предметната движна ствар изразена во денари.

**Член 16**

Пред донесување на предлогот за донесување на одлука на Совет за продажба на движната ствар се обезбедува процена на движната ствар во согласност со Законот за процена.

**Член 17**

(1) Продажбата на движните ствари во општинска сопственост се врши со електронско јавно наддавање.

(2) Почетната цена на движните ствари што се предмет на продажба со електронско јавно наддавање е проценетата вредност на движната ствар, утврдена во согласност со Законот за процена.

**Член 18**

Во постапката за продажба на движни ствари соодветно се применуваат одредбите од Законот за користење и располагање со стварите во државна соптвеност и со стварите во општинска сопственост, како и одредбите на овој правилник.

## IV. Начин, услови и постапка за давање во закуп на движни ствари во сопственост на Општината со електронско јавно наддавање

**Член 19**

За движните ствари во сопственост на Општината за кои престанала потребата од нивно користење може да се дадат под закуп.

**Член 20**

За давање под закуп на движните ствари во сопственост на Општината одлучува Советот на Општината.

**Член 21**

(1) Постапката за давање во закуп на движни ствари ја спроведува Комисијата.

(2) Договорот за давање во закуп на движните ствари во име на Општината ги склучува Градоначалникот.

**Член 22**

Давањето во закуп на движните ствари во сопственост на Општината се врши со електронско јавно наддавање на начин утврден со овој Правилник.

**Член 23**

Вредноста на движните ствари што се даваат во закуп се утврдува според сметководствена вредност на движните ствари и истата претставува почетна закупнина во постапката за давањето во закуп.

## V. Давање на користење на ствари во сопственост на Општината

**Член 24**

(1) Недвижните ствари во сопственост на Општината, Советот на Општината, со одлука може времено или трајно да ги даде на користење, со или без надоместок, на државни органи и на правни лица основани од Република Македонија.

(2) За престанок на правото на користење на стварите од ставот (1) на овој член одлучува Советот на Општината.

(3) Одлуката на Советот на Општината е основа за запишување во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

**Член 25**

Користењето на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба е уредено со посебен правилник за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба.

## VI. Завршни одредби

**Член 26**

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за условите, начинот и постапката за издавање под закуп на деловен простор во сопственост на Општина Гази Баба, број 07-3219/19 од 31 октомври 2012 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' број 10/2012).

**Член 27**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-400/15**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС**

1. Се објавува Правилникот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-563/14**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации (''Службен весник на РМ'' бр.52/10, 135/11, 55/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.239/22), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ НА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ ОД ЛОКАЛЕН ИНТЕРЕС

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се уредува финансирањето на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес, што се финансираат со средства од Буџетот на Општина Гази Баба.

## СРЕДСТВА

### Член 2

Средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се утврдуваат во Буџетот на Општина Гази Баба.

Минималниот и максималниот износ за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се утврдува во одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба.

## КОНКУРС

### Член 3

Финансирањето на проекти на здруженија на граѓани и фондации се врши врз основа на конкурс што го распишува Градоначалникот на Општина Гази Баба во тековната буџетска година.

Конкурсот за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации трае 15 дена за тековната година, а се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

## ОБЛАСТИ

### Член 4

Општина Гази Баба ќе обезбеди средства за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес од следниве области: граѓанско општество и демократизација, човекови права, култура, здравство, социјално-хуманитарна работа, информации, спорт, млади, образование, екологија и меѓународна соработка.

## УЧЕСТВО

### Член 5

На конкурсот може да учествуваат здруженија на граѓани и фондации што вршат дејност од областите во членот 4 на овој правилник, чие регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Град Скопје, а проектните активности ги вршат во Општина Гази Баба.

## ДОКУМЕНТИ

### Член 6

Здруженијата на граѓани и фондации кои учествуваат на конкурсот треба да доставaт:

- Пријава за финансиска поддршка на здруженија на граѓани и фондации,
- Проектна пријава на здруженија на граѓани и фондации,
- Доказ за регистрација на здружението на граѓани и фондацијата во надлежниот орган, и
- Извештај за добиените средства од Општина Гази Баба во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација.

Пријавата за финансиска поддршка и проектната пријава се составен дел на овој правилник.

Пријавата за финансиска поддршка и проектната пријава ќе бидат објавени на веб страницата на Општина Гази Баба.

## РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

### Член 7

Пријавите треба да се доставaт до Општина Гази Баба преку пошта на адреса "Општина Гази Баба, ул."Архимедова" бр.2, 1000 Скопје" или со предавање во писарницата на Општина Гази Баба од 08 часот до (заклучно со) 16 часот последниот ден од конкурсот.

## ИЗБОР НА ПРОЕКТИ

### Член 8

Изборот на проектите на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес го врши градоначалникот на предлог на комисија составена од претседател и четири члена, која се именува и разрешува со решение на Градоначалникот.

Комисијата изборот на проектите на здруженија на граѓани и фондации го утврдува во рок од 60 дена од последниот ден на конкурсот.

Програмата за распределба на средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации на предлог на Градоначалникот, ја донесува Советот на Општина Гази Баба.

Програмата за распределба на средствата за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации се објавува во "Службен гласник на Општина Гази Баба" и на веб страницата на Општина Гази Баба.

Одлуката за избор на здруженијата на граѓани и фондации за активностите што се одржуваат во Општина Гази Баба на кои им се дава финансиска поддршка со висина на одобрените средства, ќе биде јавно објавена на веб страницата на Општина Гази Баба.

## ОТФРЛАЊЕ НА ПРИЈАВИ

**Член 9**

Нема да бидат разгледани пријавите: доставени по истекот на рокот на конкурсот, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложените документи кои задолжително се бараат.

Материјалите доставени со пријавите на конкурсот не се враќаат.

## ДОГОВОР ЗА МЕЃУСЕБНИ ПРАВА, ОБВРСКИ И ОДГОВОРНОСТИ

**Член 10**

(1) По конечноста на Одлуката, Општина Гази Баба и избраните корисници склучуваат Договор за меѓусебните права, обврски и одговорности.

(2) Договорот во име на Општина Гази Баба го склучува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 11**

Договорот престанува да важи ако:

(1) со одлука на суд или друг државен орган на Корисникот му е изречена забрана за вршење на дејноста, или изречена казна затвор од најмалку шест месеци;

(2) по писмено барање на корисникот; и

(3) непочитување на обврските од Договорот.

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИЕНИ СРЕДСТВА

**Член 12**

По завршувањето на проектот секое здружението на граѓани и фондација кои добиле средства од Буџетот на Општина Гази Баба, должни се да доставaт извештај за користењето на средствата до Градоначалникот на Општина Гази Баба.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 13**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за финансирање на проекти за здруженија на граѓани и фондации од локален интерес (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/11, 13/20, 1/22 и 2/22).

**Член 14**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-400/16**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, КОИ СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-563/15**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 49 од Законот за здруженија и фондации ("Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и "Службен весник на РСМ" бр.239/22), член 22-а од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 81/2008, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19 и 244/19), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К

## ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА СПОРТСКИ КЛУБОВИ, СПОРТСКИ ЗДРУЖЕНИЈА, СПОРТИСТИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ОД ОБЛАСТА НА СПОРТОТ И СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ, ШТО СЕ ОДРЖУВААТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Општи одредби

**Член 1**

Со овој правилник се уредуваат условите, начинот и постапката за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, а се финансираат од буџетот на Општина Гази Баба.

### Средства

**Член 2**

Средствата за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, се утврдуваат во буџетот на Општина Гази Баба.

### Критериуми

**Член 3**

Основни критериуми за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба се:

1) го поттикнуваат и унапредуваат соодветниот спорт;
2) го популаризираат масовниот спорт и опфатот на што повеќе млади во населените места;
3) реализираат програма за развој на спортот;
4) организираат и спроведуваат систем на натпревари во одредени спортови и категории;
5) поддржуваат традиционални спортски натпревари и манифестации од општински, национален и меѓународен карактер;
6) организираат и спроведуваат училишен и студентски систем на натпревари;
7) организираат и спроведуваат систем на манифестации и форми на натпревари за лица со посебни потреби;

8) организираат и спроведуваат систем на масовни спортско-рекреативни активности во Општина Гази Баба;

9) се грижат за унапредување на стручната работа и усовршување на стручните кадри во спортот;

10 поттикнуваат постигнување на врвни резултати;

11) се грижат за унапредување на младите категори;

12) учествуваат во национални спортски федерации, или настапуваат на натпревари од национален и меѓународен карактер;

13) се натпреваруваат од највисок ранг на домашни спортски првенства;

14) своите активности и програми ги реализираат на подрачјето на Општина Гази Баба;

15) поддржуваат општински сојузи и сојузи на спортови на Општина Гази Баба; и

16) да не вршат политичко и верско организирање и дејствување.

Посебни критериуми за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба се:

(1) Спротски клубови:
- Ранг на натпреварување во матичната федерација
- Значење на спортот
- Масовност на спортот

(2) Спортски манифестации
- Традиција на оджување на манифестацијата
- Масовност по број на учесници
- Значење на манифестацијата за општината

(3) Индивидуални спортисти
- Маѓународен спортски успех: Олимписки игри, Европско првенство, Светско првенство, Спортска манифестација со меѓународно значење
- Претходни меѓународни успеси од значење за општината

**Јавен оглас**

**Член 4**

(1) Финансиската поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба се врши врз основа на Јавен оглас што го распишува Градоначалникот на Општина Гази Баба во тековната година.

(2) Јавниот оглас за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, истиот трае 15 дена а се објавува на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**Учество**

**Член 5**

(1) На јавниот оглас може да учествуваат спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и организатори на спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба според критериумите од членот 3 на овој Правилник, чиешто регистрирано седиште односно живеалиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба или имаат огранок на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) На Јавниот оглас може да учествуват и спортски здруженија и организатори на спортска манифестација чиешто регистрирано седиште не се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба, но реализацијата на проектот е на подрачјето на Општина Гази Баба во соработка со спортски клубови, спортски здруженија и организатори на спортски манифестации чиешто регистрирано седиште се наоѓа на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Документи**

**Член 6**

(1) Спортските клубови, спортските здруженија, другите правни лица од областа на спортот и организаторите на спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба кои учествуваат на Јавниот повик кон пријавата за финансиска поддршка треба да достават:

(1.1) Пријава за финансиска поддршка;
(1.2) Проектна пријава;
(1.3) Копија од тековна состојба од Централниот регистар, не постара од шест месеци, како доказ за регистрирана дејност;
(1.4) Потврда од надлежен суд дека врз правното лице не е отворена стечајна или постапка за ликвидација, не постара од шест месеци, ако е трговско друштво;
(1.5) Решение за вршење на дејноста спорт, издадено од Агенцијата за млади и спорт;
(1.6) Финансиски извештај за добиените средства од Општина Гази Баба во изминатата фискална година и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи;
(2) Спортистите (индивидуалци) кои учествуваат на Јавниот повик кон пријавата за финансиска поддршка треба да достават:
(2.1) Пријава за финансиска поддршка;
(2.2) Проектна пријава;
(2.3) Копија од лична карта или патна исправа, како доказ за идентификација;
(2.4) Потврда за поддршка од соодветна спортска федерација или сојуз (за спортисти сениори);
(2.5) Финансиски извештај за добиените средства од Општина Гази Баба во изминатата фискална година и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи;
(3) Пријавата за финансиска поддршка и Проектната пријава се составен дел на овој Правилник.
(4) Пријавата за финансиска поддршка и Проектната пријава ќе бидат објавени на веб-страницата на општина Гази Баба.

**Рок за пријавување**

**Член 7**

(1) Пријавата за финансиска поддршка и Проектната пријава заедно со документите од членот 6 на овој Правилник, треба да се достават во писарницата на Општина Гази Баба од 08.00 часот заклучно со 16.00 часот последниот ден од Јавниот оглас.
(2) На пликот се става ознака “Не отворај“ и “Пријава за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба“ и бројот на Јавниот оглас.
(3) Пликот не смее да содржи никаква ознака која би можела да го идентификува подносителот.

(4) Пријавата се доставува во еден оригинален примерок, кој треба да биде потпишан и заверен од одговорното лице на подносителот.

**Комисија за избор**

**Член 8**

(1) Изборот на спортските клубови, спортските здруженија, спортистите, другите правни лица од областа на спортот и спортските манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба за финансиска поддршка го врши Комисија.

(2) Комисијата ја формира Градоначалникот на Општина Гази Баба со решение.

(3) Комисијата е составена од претседател, заменик претседател и три члена и нивни заменици од редот на општинската администрација во Општина Гази Баба.

(4) Комисијата одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број членови.

**Член 9**

Комисијата ги врши следните работи и задачи:

(1) распишува Јавен оглас за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба;

(2) ги отвора и разгледува пристигнатите пријави за финансиска поддршка;

(3) изготвува извештај за избор на спортските клубови, спортските здруженија, спортистите, другите правни лица од областа на спортот и спортските манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба на кои им се дава финансиска поддршка со висина на одобрените средства;

(4) предлог одлука до Градоначалникот на Општина Гази Баба за склучување на договори за финансиска поддршка на спортските клубови, спортските здруженија, спортистите, другите правни лица од областа на спортот и спортските манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба; и

(5) врши други работи и задачи во согласност со овој Правилник.

**Член 10**

(1) Комисијата работи на седници кои ги свикува и со нив раководи претседателот на Комисијата, на кои учествуваат сите членови на комисијата и сите еднакво се одговорни за правилно и законито работење на Комисијата.

(2) За текот на седницата на Комисијата и за донесените одлуки се води Записник на којшто се потпишуваат сите присутни членови на Комисијата.

**Избор на корисници на финансиска поддршка**

**Член 11**

Комисијата ги отвара и разгледува пристигнатите пријави без присуство на подносителите.

**Член 12**

(1) Комисијата, пристигнатите пријави ги разгледува во рок од триесет дена по завршувањето на Јавниот оглас.

(2) Нема да бидат разгледани пријавите: доставени по истекот на рокот на Огласот, пополнети на несоодветен образец, нецелосно пополнети и некомплетни пријави без приложените документи кои задолжително се бараат.

(3) Документите од членот 6 на овој Правилник доставени со пријавите на Јавниот оглас не се враќаат.

(4) Одлуката за избор на спортските клубови, спортските здруженија, спортистите, другите правни лица од областа на спортот и спортските манифестации

што се одржуваат во Општина Гази Баба на кои им се дава финансиска поддршка со висина на одобрените средства, ќе биде јавно објавена на веб страната на Општина Гази Баба.

**Жалба**

**Член 13**

(1) Против одлуката на Комисијата, незадоволниот барател може да поднесе писмен приговор во рок од пет дена по приемот на известувањето.

(2) Приговорот се поднесува до Комисијата, а по истиот одлучува Градоначалникот на Општина Гази Баба, во рок од пет дена од приемот на писмениот приговор од ставот (1) на овој член.

(3) Одлуката на Градоначалникот на Општина Гази Баба е конечна.

**Договор за меѓусебните права, обврски и одговорности**

**Член 14**

(1) По конечноста на Одлуката, Општина Гази Баба и избраните корисници склучуваат Договор за меѓусебните права, обврски и одговорности.

(2) Договорот во име на Општина Гази Баба го склучува Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 15**

Договорот престанува да важи ако:

(1) со одлука на суд или друг државен орган на Корисникот му е изречена забрана за вршење на дејноста, или изречена казна затвор од најмалку шест месеци;

(2) по писмено барање на корисникот; и

(3) непочитување на обврските од Договорот.

**Програма за финансиска поддршка**

**Член 16**

(1) Програмата за распределба на средствата за финансиска поддршка на спортските клубови, спортските здруженија, спортистите, другите правни лица од областа на спортот и спортските манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, на предлог на Градоначалникот на Општина Гази Баба ја донесува Советот на општина Гази Баба.

(2) Програмата за распределба на средствата за финансиска поддршка на спортските клубови, спортските здруженија, спортистите, другите правни лица од областа на спортот и спортските манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба, се објавува во "Службен гласник на Општина Гази Баба" и на веб-страницата на Општина Гази Баба.

**Финансиски извештај за добиените средства**

**Член 17**

Секој спортски клуб, спортско здружение, спортист, друго правно лице од областа на спортот и спортска манифестација што се одржува во Општина Гази Баба коешто добило средства од Буџетот на Општина Гази Баба, должно е да достави финансиски извештај за добиените средства од Општина Гази Баба во изминатата фискална година и начинот на нивната наменска реализација со копии од соодветни финансиски документи до Градоначалникот на Општина Гази Баба на образец објавен на веб-страницата на Општина Гази Баба, најдоцна до крајот на календарската година.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 18**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации кои се одржуваат во Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.12/18, 11/20, 1/22 и 2/22).

**Член 19**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-400/17**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА УРЕДИ ЗА ТЕЧЕН ГАС/МЕТАН ИЛИ ДРУГ ВИД НА АЛТЕРНАТИВНО ГОРИВО ВО ВОЗИЛАТА**

1. Се објавува Правилникот за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/16**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ОД БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ГРАЃАНИТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ВГРАДУВАЊЕ НА УРЕДИ ЗА ТЕЧЕН ГАС/МЕТАН ИЛИ ДРУГ ВИД НА АЛТЕРНАТИВНО ГОРИВО ВО ВОЗИЛАТА**

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се пропишуваат конкретните услови, начин и постапка за користење на финансиски средства утврдени со Буџетот на Општина Гази Баба со намена за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Оштина Гази Баба направени при купување и вградување уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од член 1 на овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба со намена субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Оштина Гази Баба за вградување уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој правилник ќе се користат за надоместување на дел од трошоците направени при купување и вградување уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото, до 30 Ноември теховната година односно до исцрпување на средствата предвидени во Буџетот на Општина Гази Баба.

**Член 3**

Финансиските средства од член 1 на овој правилник ќе се користат за делумен надомест на средствата на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба искористени за купување и вградување уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото, во износ од 50% од вредноста на уредот, но не повеќе од 18.000 денари по лице без вклучен персонален данок на доход. Персоналниот данок на доход е на товар на Општина Гази Баба.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 4**

(1) За реализирање на точка 5 од Програмата за заштита на животната средина и природата на Општина Гази Баба за субвенционирање на дел од трошоците на граѓаните на подрачјето на Оштина Гази Баба објавува јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk), и во два печатени медиуми.

(3) Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето се до 30 Ноември во тековната година односно до исцрпување на средствата наменети за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба.

(4) Кога ќе бидат исцрпени предвидените финансиски средства, Оштина Гази Баба ќе ја информира јавноста дека Јавниот повик е завршен на својата веб страната.

(5) Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање по принципот „прв дојден, прв услужен".

## III. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 5**

Право на учество на Јавниот повик имаат жителите на Општина Гази Баба, физички лица, сопственици на возила произведени од кои купиле и вградиле уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата во периодот од објава на Јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, но не подоцна од 30 Ноември во тековната година односно до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик кои ќе ја достават потребната документација и кои ќе ги исполнат условите од овој Правилник.

## IV. НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 6**

Барателот е должен потребната документација во затворен плик да ја достави во архивата на општината на адреса ул.Архимедова бр.2, секој работен ден од 7:30 до 16:30 часот. На пликот треба да биде наведено **"Јавен повик за субвенционирање на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, за граѓаните наподрачјето на Општина Гази Баба".**

Барателот е потребно да ги исполни следните услови:

- да има живеалиште на подрачјето на Општина Гази Баба,
- да нема искористено субвенција за купување и вградување уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото,и
- новиот уред да го купи и вгради во РС Македонија од денот на објавување на Јавниот повик се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, но не подоцна од 30 ноември во тековната година.

**Член 7**

(1)Барателот е должен да ја поднесе следната документација за исполнување на услови за добивање надоместок :

- Пополнето барање, кое може да се подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на Општината (www.gazibaba.gov.mk),
- Изјава за веродостојноста на податоците и верноста на приложената документација, заверена на нотар под морална и материјална одговорност, која може да се подигне од архивата на Општина Гази Баба или да се обезбеди преку интернет страната на општината (www.gazibaba.gov.mk),
- Фискална сметка (во оригинал), или фактура (во оригинал) со извод од деловна банка за извршено плаќање за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата, издадени по денот на објавување на јавниот повик,
- Фотокопија од сообраќајната дозвола за возилото, во која е евидентирана промената (вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилото), и потврда за вграден уред за погон на течен нафтен гас или компримиран земјен гас во возилото, издадена од правниот субјект кој го извршил вградувањето,

- Фотокопија од лична карта и
- Фотокопија од трансакциска сметка на подносителот.

(2) Едно лице може само еднаш да аплицира за добивање на субвенција за само едно возило во семејството.

**Член 8**

(1) За утврдување на исполнување на условите од членот 6 на овој правилник, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата составена од 5 члена. (во натамошен текст: Комисија) од редот на вработените во администрацијата на Општина Гази Баба.

(2) Членовите на Комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 5 на овој правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето за субвенции за купување на еден плински уред, врз основа на решенија за овластувања за вршење обработка на лични податоци во Општина Гази Баба.

**Член 9**

(1) Барањето за надоместување на дел од трошоците за купување и вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво, заедно со потребната документација, граѓаните ги поднесуваат до Комисијата преку Архивата на Општина Гази Баба.

(2) Архивата на Општина Гази Баба примените барања ги евидентира со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 10**

По објавување на Јавниот повик, претседателот на Комисијата свикува состанок согласно динамиката на пристигнување на барањата, се до неговото завршување, односно до исцрпување на буџетот, на која ќе се разгледуваат пристигнатите барања во однос на тоа дали ја содржат потребната документација.

**Член 11**

(1) Врз основа на доставената документација и спроведената постапка, Комисијата го утврдува исполнувањето на условите од член 6 на овој Правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на барањето за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба.

(2) За барателите кои ги исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлогот на Комисијата носи Решение за усвојување на барањето.

(3) За барателите кои ги не исполниле условите согласно Јавниот повик, Градоначалникот на Општина Гази Баба на предлогот на Комисијата ги известува барателите за неусвојување на барањето.

**Член 12**

Општина Гази Баба, преку секторот за заштита на животната средина и природата и секторот за финансиски прашања води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба согласно овој правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба'' .

**Број 09-400/18**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОЏАЦИ**

1. Се објавува Правилникот за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/17**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДОМАЌИНСТВАТА НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ОЏАЦИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој правилник се уредува висината, начинот, условите и постапката за користење на финансиските средства утврдени со Буџетот на Општина Гази Баба со намена за надоместување на дел од трошоците направени при чистење на оџаци по домаќинство.

**Член 2**

(1) Финансиските средства од членот 1 од овој правилник се обезбедени од Буџетот на Општина Гази Баба, со намена за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за чистење на оџаците на своите домови.

(2) Финансиските средства од став 1 на овој член се доделуваат до нивно целосно искористување.

(3) Финансиските средства од став 1 на овој правилник ќе се користат за надоместување на дел од трошоците направени за чистење на оџаци во нето износ од 1.200,00 денари по домаќинство. Персоналниот данок на доход е на товар на Општина Гази Баба.

## II. ЈАВЕН ПОВИК

**Член 3**

(1) За реализирање на оваа активност од Програмата на активности на Сектор за заштита на животна средина и природата на подрачјето на Општина Гази Баба со наслов Субвенционирање на граѓаните на општина Гази Баба за чистење на оџаци во своите домови, Општина Гази Баба објавува Јавен повик.

(2) Јавниот повик се објавува на веб страната на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) и во два печатени медиуми.

(3) Јавниот повик ќе трае од денот на објавувањето се до 30 ноември во тековната година односно до исцрпување на средствата наменети за оваа намена со Буџетот на Општина Гази Баба.

(4) Јавниот повик ќе се реализира по редослед на аплицирање, односно по дата и време на аплицирање.

(5) Кога ќе бидат исцрпени сите предвидени финансиски средства Општина Гази Баба ќе ја информира јавноста дека Јавниот повик е завршен. Информацијата ќе ја објави на својата веб страна.

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ПОВИК

**Член 4**

Право на учество на Јавниот повик согласно овој правилник имаат жители на Општина Гази Баба, кои ги исчистиле оџаците во своите домови во период од објава на Јавниот повик се до 30 ноември во тековната година односно до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик ќе ја доставaт потребната документација и ќе ги исполнуваат условите од овој правилник.

## III.НАЧИН, УСЛОВИ И ПОСТАПКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

**Член 5**

(1) Барателот е должен потребната документција во затворен плик да ја достави во архивата на општината на адреса ул.Архимедова бр.2, секој работен ден од 07:30 до 16:30 часот. На пликот треба да биде наведено: **"Јавен повик за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци".**

Потребна документација:

- Барање за надоместок (пример од барањето може да се обезбеди од интернет страницата на Општина Гази Баба (www.gazibaba.gov.mk) или од архивата на општината,
- Фотокопија од важечка лична карта, како доказ дека е жител на Општина Гази Баба,
- Фотокопија од трансакциска сметка исклучиво лична на барателот,
- Оргинал доказ дека е извршено чистење на оџакот во домот на барателот на истата адреса по лична карта, во период од денот на објавување на Јавниот повик се до негово затварање без разлика кој услов ќе биде прв исполнет,
- Да поседува оргинална потврда издадена од оџачар за извршено чистење на оџак во во период од денот на објавување на Јавниот повик се до негово затварање без разлика кој услов ќе биде прв исполнет.

(2) Само едно лице од домаќинство може да аплицира за добивање на субвенција.

**Член 6**

(1) За утврдување на исполнување на условите од членот 5 на овој правилник, Градоначалникот формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на општина Гази Баба за чистење на оџаци составена од 5 члена од редот на вработените во општинската администрација.

(2) Членовите на Комисијата при утврдување на исполнување на условите од член 5 на овој правилник, вршат обработка на личните податоци на субјектите дадени при пополнување на барањето за субвенции за чистење на оџаци, врз основа на Решенија за овластувања за вршење обработка на лични податоци во општина Гази Баба.

.

**Член 7**

(1) Барањето за надоместување на дел од трошоците направени при чистење на оџаци заедно со потребната документација, барателите ги доставуваат до Комисијата преку архивата на општината во затворен плик.

(2) Примените барања се архивираат и се евидентираат со точното време на поднесување (датум, час и минута), заради воспоставување редослед по кој ќе се разгледуваат барањата.

**Член 8**

(1) По објавувањето на Јавниот повик, Комисијата свикува состанок согласно динамиката на пристигнување на барањата, на кој ќе се разгледуваат истите, се до завршување на Јавниот повик, односно до исцрпување на буџетот.

(2) Комисијата ќе ги разгледува само комплетните пристигнати барања.

**Член 9**

(1) Врз основа на доставената документација од членот 5 на овој правилник и спроведената постапка од членот 9 на овој правилник, Комисијата го утврдува исполнувањето на критериумите од членот 5 на овој правилник и доставува предлог до Градоначалниот на Општина Гази Баба за усвојување или неусвојување на барањето за добивање на финансиски средства.

(2) Градоначалникот на Општина Гази Баба врз основа на предлогот од став 1 на овој член носи решение доколку апликацијата се усвојува, а во случај на не усвојување на апликацијата, апликантот писмено се известува за не усвојувањето.

**Член 10**

Општина Гази Баба, преку секторот за заштита на животната средина и природата и секторот за финансиски прашања води евиденција на сите доставени барања од физички лица за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба, согласно овој правилник и сите донесени решенија од страна на Градоначалникот на Општина Гази Баба.

**Член 11**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба" .

**Број 09-400/19**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРАТА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.4083 ЗА КП 2059/2 КО МАЏАРИ**

1. Се објавува Одлуката со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.4083 за КП 2059/2 КО Маџари, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/18**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 1 и член 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 10 став (4) и член 12 став (2) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти ("Службен весник на РМ" бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14, 115/14, 199/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16, 190/17 и "Службен весник на РСМ" бр.174/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**СО КОЈА НЕ СЕ УТВРДУВА ПОТРЕБА ДА СЕ ДОНЕСЕ УРБАНИСТИЧКО - ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА, СО КОЈА ЌЕ СЕ ИЗВРШИ ПРОМЕНА НА ТРАСАТА НА СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА ИЛИ ИНФРАСТРУКТУРАТА НЕМА ДА СЕ ПРЕДВИДИ, ПО БАРАЊЕ УП1 БР.4083 ЗА КП 2059/2 КО МАЏАРИ**

**Член 1**

Во врска со поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект од локално значење УП1бр.4030 од 05.07.2011 година од страна на лицето Новко Атанасовски од Скопје, Советот на Општина Гази Баба констатира дека објектот **нема да се вклопи** во урбанистичко - планската документација согласно стандардите за вклопување на бесправните објекти во урбанистичко-планската документација согласно член 12 став (2) од Законот за постапување со бесправно изградени објекти.

**Член 2**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/20**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА
УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ
ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИТЕ НА ИЗБРАНИТЕ
ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ ВО УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ,
НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/19**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) а во врска со член 51 став (3) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 17 став (2) а во врска со член 9 став (5) од Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/18 и 11/18) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по поднесените извештаи од спроведените избори во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

## О Д Л У К А

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИТЕ ОД СПРОВЕДЕНИТЕ ИЗБОРИ И ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТИТЕ НА ИЗБРАНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТИТЕ ВО УРБАНИТЕ И МЕСНИТЕ ЗАЕДНИЦИ, НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Се усвојуваат поднесените извештаи од именуваните административни (државни) службеници и определените членови на Советот на Општина Гази Баба за набљудување на изборниот процес во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, одржани на 10 и 11 декември 2022 година и тоа:

1) УЗ Железара - бр.08-6861/23 од 30.12.2022 година;
2) УЗ Автокоманда - бр.08-6861/14 од 30.12.2022 година;
3) УЗ Керамидница - бр.08-6861/21 од 30.12.2022 година;
4) УЗ Триангла - бр.08-6861/17 од 30.12.2022 година;
5) УЗ Хиподром - бр.08-6861/16 од 30.12.2022 година;
6) УЗ Крсте Мисирков - бр.08-6861/22 од 30.12.2022 година;
7) УЗ Маџари 1 - бр.08-6861/19 од 30.12.2022 година;
8) УЗ Маџари 2 - бр.08-6861/18 од 30.12.2022 година;
9) УЗ Кирил Петрушевски - бр.08-6861/20 од 30.12.2022 година;
10) МЗ Брњарци - бр.08-6861/7 од 30.12.2022 година;
11) МЗ Црешево - бр.08-6861/8 од 30.12.2022 година;
12) МЗ Смиљковци - бр.08-6861/5 од 30.12.2022 година;
13) МЗ Булачани - бр.08-6861/13 од 30.12.2022 година;
14) МЗ Раштак - бр.08-6861/9 од 30.12.2022 година;
15) МЗ Виниче - бр.08-6861/6 од 30.12.2022 година;
16) МЗ Стајковци - бр.08-6861/3 од 30.12.2022 година;
17) МЗ Страчинци - бр.08-6861/12 од 30.12.2022 година;
18) МЗ Алија Авдовиќ - бр.08-6861/24 од 30.12.2022 година;

19)МЗ Јурумлери - бр.08-6861/4 од 30.12.2022 година;
20)МЗ Трубарево - бр.08-6861/15 од 30.12.2022 година;
21)МЗ Гоце Делчев - бр.08-6861/27 од 30.12.2022 година;
22)МЗ Колонија - бр.08-6861/10 од 30.12.2022 година;
23)МЗ Идризово - бр.08-6861/11 од 30.12.2022 година;
24)МЗ Питу Гули - бр.08-6861/25 од 30.12.2022 година;
25)МЗ Инџиково - бр.08-6861/26 од 30.12.2022 година.

Избори не се одржаа во УЗ Јане Сандански поради неподнесени кандидатури за членови на советот на урбаната заедница.

**Член 2**

Се верифицираат мандатите на избраните членови на советите на урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба, согласно поднесените извештаи и тоа од редоследно од бр.1-23 од прегледот наведен во член 1 од оваа одлука.

**Член 3**

Не се верифицираат мандатите на избраните членови на советот на обликот на месната самоуправа во: 24) МЗ Питу Гули и 25) МЗ Инџиково од прегледот наведен во член 1 од оваа одлука, поради констатиран неисполнет цензус при гласањето.

**Член 4**

Мандатите на избраните членови на советите на облиците на месната самоуправа на подрачјето на Општина Гази Баба е 4 години.

Мандатот започнува од денот на донесување на оваа одлука.

**Член 5**

Се задолжува секој од советите на облиците на месната самоуправа на конститутивната седница од редот на избраните членови на советите да изберат претседател на совет и со писмен поднесок да ја известат Општина Гази Баба за извршениот избор.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/21**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ**

1. Се објавува Одлуката за задолжување на Општина Гази Баба преку издавање на обврзници, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-563/20**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 и член 18 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ПРЕКУ ИЗДАВАЊЕ НА ОБВРЗНИЦИ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба се задолжува заради обезбедување средства за финансирање на капитални проекти и инвестиции од значење за општината.

**Член 2**

Задолжувањето се врши во државата, преку издавање на обврзници во висина од **5.000.000,00 евра** во денарска противредност по среден курс на НБРСМ еден ден пред донесувањето на Одлуката за издавање на општинска обврзница, по пат на јавна понуда, во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за хартии од вредност.

**Член 3**

Средствата од член 2 од оваа одлука ќе бидат наменети за реализација на следните проекти:

1. Изградба на фекална канализациона мрежа во населено место Јурумлери;
2. Изградба на фекална канализациона мрежа во населено место Гоце Делчев;
3. Изградба на фекална и атмосферска канализациона мрежа на територија на Општина Гази Баба;
4. Изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков";
5. Реконструкција и санација на објект на Дом на културата "11 Октомври";
6. Изградба на пречистителна станица за отпадни води во населено место Црешево;
7. Изградба на нови детски градинки во населени места Трубарево и Маџари;
8. Изградба, реконструкција и санација на локални улици на територија на Општина Гази Баба.

**Член 4**

Подмирувањето на доспеаните обврските настанати со задолжувањето ќе ги врши Општина Гази Баба.

**Член 5**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да ги превземе сите неопходни мерки и активности за реализација на оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-400/22**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД
"МАКСТИЛ" АД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од "Макстил" АД Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 30 јануари 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-563/21**
**од 31 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и првата седница одржана на 30 јануари 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА**
**ОД "МАКСТИЛ" АД СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од "Макстил" АД Скопје, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од финансиски средства изразени преку набавка на 130 (стоиитриесет) хуманитарни пакети со прехрамбени прозиводи во вкупен износ од 151.970,00 (стопедесетиеднаилјададеветстотиниседумдесет) денари со вклучен ДДВ, кои ќе се набават од маркет "Рептил".

**Член 3**

Донацијата е наменета за социјално загрозени семејства на територијата на Општина Гази Баба.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-400/23**
**од 30 јануари 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот на Верификационата комисија . . . . . 2

**ОДЛУКА** за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба . . . . . 4

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на државните службеници за 2023 година . . . . . 6

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на вработените во ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје кои имаат статус на даватели на услуги, помошно - технички персонал и административни службеници за 2023 година . . . . . 8

**ОДЛУКА** за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2022 година . . . . . 10

**ОДЛУКА** за утврдување на вредност на бодот за пресметување на платите на јавните службеници кои вршат административни работи, давателите на јавни услуги, помошно-техничкиот персонал и директорите во јавните установи за деца - детски градинки во Општина Гази Баба, за 2023 година . . . . . 12

**ОДЛУКА** за утврдување на благајнички максимум за 2023 година . . . . . 14

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2023 година . . . . . 16

**БУЏЕТСКИ КАЛЕНДАР** за изготвување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година . . . . . 18

**ОДЛУКА** за исплата на финансиски средства како парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза, за 2023 година . . . . . 21

**ПРАВИЛНИК** за утврдување на критериумите, условите и постапката за доделување на парична помош за социјално загрозени граѓани погодени од енергетската и финансиската криза . . . . . 24

**ПРАВИЛНИК** за избор на најубаво новогодишно украсен балкон, детска градинка, основно училиште, двор и станбена или деловна зграда во Општина Гази Баба . . . . . 29

**ПРАВИЛНИК** за продажба и давање под закуп на недвижни ствари и продажба на движни ствари во општинска сопственост со електронско јавно наддавање, како и давање на користење на ствари во општинска сопственост . . . . . 34

**ПРАВИЛНИК** за финансирање на проекти на здруженија на граѓани и фондации од локален интерес . . . . . 42



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 02/23**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци

**ПРАВИЛНИК** за финансиска поддршка на спортски клубови, спортски здруженија, спортисти, други правни лица од областа на спортот и спортски манифестации што се одржуваат во Општина Гази Баба ........ 46

**ПРАВИЛНИК** за користење на финансиски средства од Буџетот на Општина Гази Баба за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на Општина Гази Баба, за вградување на уреди за течен гас/метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата ........ 53

**ПРАВИЛНИК** за субвенционирање на домаќинствата на граѓаните на Општина Гази Баба, за надоместување на дел од трошоците за чистење на оџаци ........ 58

**ОДЛУКА** со која не се утврдува потреба да се донесе урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена на трасата на сообраќајна инфраструктура или инфраструктурата нема да се предвиди, по барање УП1 бр.4083 за КП 2059/2 КО Маџари ........ 62

**ОДЛУКА** за усвојување на извештаите од спроведените избори и верификација на мандатите на избраните членови на советите во урбаните и месните заедници, на подрачјето на Општина Гази Баба ........ 64

**ОДЛУКА** за задолжување на Општина Гази Баба преку издавање на обврзници ........ 67

**ОДЛУКА** за примање на донација од "Макстил" АД Скопје ........ 70

**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 02/23**
**21 седница**

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 10 примероци